Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-4402/1 од 13.09.2023 година, оформен по доставена пријава во врска со спроведени постапки за јавна набавка на услуги од маркетинг агенција како и промотивни материјали спроведени од страна на ----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-4402/1 од 13.09.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Врз основа на пријава доставена по електронски пат на ден 13.09.2023 година, во која како подносител е наведено група анонимни подносители, оформен е предмет број 12-4402/1 од 13.09.2023 година. Во пријавата се содржани наводи за неправилности во спроведени постапки за јавна набавка на маркетиншки услуги како и промотивни материјали спроведени од страна на ----------------------.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за несоодветно спроведени постапки за јавна набавка со број -----/2023; -----/2023; -----/2023 и -----/2022 во која договорен орган е -------------------.

Имено, во пријавата е наведено дека директорот на ------------- за една календарска година склучил четри (4) договори за јавни набавки со ДППУ „---------" ДООЕЛ.

Од ДКСК се бара да го преиспита случајот и да утврди по кој критериуми е извршен изборот на најповолната понуда и дали меѓу договорниот орган и фирмата која е избрана и со која е потпишан договор, според подносителот, постоеле коруптивни односи и криминал заради злоупотреба на средствата.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, ДКСК побара од Бирото за јавни набавки да обезбеди електронски пристап до

спроведените постапки по јавна набавка со број -----/2023; -----/2023; -----/2023 и -----/2022. Исто така беше извршена анализа од стручно лице како експерт од областа на јавните набавки кое беше ангажирано од страна ДКСК.

Во законски утврдениот рок, Бирото за јавни набавки обезбеди електронски пристап до спроведените постапки.

Во врска со отворената постапка за јавна набавка со оглас бр.-----/2023 спроведена била постапака за набавка на услуги од маркетинг агенција за закуп на веб портали за ПР и маркетинг кампања. Огласот за доделување на договорот бил објавен под број -----/2023 а склучена била рамковна спогодба во износ од 15.000.000 денари без вклучен ДДВ со економскиот оператор „---------" ДООЕЛ Скопје.

Во врска со отворената постапка за јавна набавка со оглас бр.-----/2022 за набавка на услуги од маркетинг агенција за маркетинг поддршка на инстант лотарија. Огласот за доделување е објавен под број -----/2022 а склучена била рамковна спогодба во износ од 1.500.000 денари без вклучен ДДВ со економскиот оператор „---------" ДООЕЛ Скопје.

Во врска со отворената постапка за јавна набавка со оглас бр.-----/2023 за набавка на услуги од Агенција за организација и обезбедување на наградни игри маркетинг агенција за маркетинг подршка на корпоративен бренд. Огласот за доделување на договорот бил објавен под број -----/2023 а склучена била рамковна спогодба во износ од 28.000.000 денари без вклучен ДДВ со економскиот оператор „--------" ДООЕЛ Скопје.

По увидот во начинот на кој биле спроведени постапките и анализата на документацијата за четирите понуди утврдено е дека договорниот орган со тендерската документација дефинирал дека како критериум за избор на најповолна понуда ќе биде економски најповолна понуда врз основа на најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот при што како елементи се зимаат цена - 60 бодови и квалитет - 40 бодови.

Дополнително е наведено што треба да содржи предлог концептот и дефинирано е дека вреднувањето на предлозите ќе се врши од страна на Комисијата за евалуација на техничките, финансиските и другите работи поврзани со понудите, формирана со Одлуката за јавна набавка, и секој член на комисијата треба да даде индивидуална оценка од 1 до 5.

За крајниот резултат од збирот на поените дефинирана е формула. И покрај тоа што со тендерската документација е наведена содржината на концептот, не е јасно дефинирано врз основа на кои квалитативни критериуми членовите на посебната комисија ќе го темелат оценувањето на квалитетот на истото, освен субјективната оценка.

Од горенаведеното може да се заклучи дека договорниот орган не постапил во согласност со член 99 од Законот за јавните набавки каде е наведено дека во случај економски најповолна понуда да се утврдува врз најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот што се оценува врз основа на критериуми, вклучувајќи квалитативни, еколошки и социјални аспекти поврзани со предметот на набавка кои може да вклучуваат:

- квалитет и техничка вредност, естетски и функционални карактеристики, достапност, дизајн прилагоден за сите корисници, социјални, еколошки и иновативни карактеристики, како и услови на купопродажба;

- организација, квалификации и искуство на персоналот кој ќе го извршува договорот, доколку квалитетот на ангажираниот персонал може значително да влијае на извршувањето на договорот и
- пост-продажни услуги и техничка поддршка, а во исклучителни случаи услови на испорака, како што се датум на испорака, начин на испорака и рок на испорака или рок на извршување.

Со извршен дополнителен увид во постапките може да се заклучи дека начинот на кој е дефинирано да се избере најповолната понуда не влијаел на конечниот исход на постапките од причина што:

- Во постапката бр. -----/2023, втората понуда е оценета како неприфатлива поради неуредност во поднесувањето
- Во постапката бр. -----/2022, втората понуда е оценета како неприфатлива поради неуредност во поднесувањето
- Во постапката бр. -----/2023 е доставена само една понуда

Во врска со отворената постапка за јавна набавка со Оглас бр.-----/2023 за набавка на услуги од маркетинг агенција за маркетинг поддршка на корпоративен бренд, склучена била рамковна спогодба во износ од 8.000.000 денари без вклучен ДДВ со економскиот оператор „---------" ДООЕЛ Скопје. По увидот во начинот на која била спроведена постапката и анализата на документацијата констатирано е дека договорниот орган со тендерската документација дефинирал дека како критериум за избор на најповолна понуда ќе биде економски најповолна понуда врз основа на најдобриот однос помеѓу цената и квалитетот при што како елементи се зимаат цена - 60 бодови и квалитет - 40 бодови. Со извршен дополнителен увид во постапката може да се заклучи дека понудата која имала најниска цена добила најмал бодови за квалитет, а во Извештајот од спроведената евалуација на техничките и финансиските и другите работи поврзани со понудите од страна на комисијата која ја вршела евалуацијата не е дадено дополнително образложение за критериумите согласно кои е вршено оценувањето. Од страна на БЈН спроведена била управна контрола на постапката за јавна набавка и не се утврдени неправилности.

Врз основа на анализата на наведените постапки за јавни набавки, може да се согледа дека критериумот квалитет не е дефиниран на начин кој ќе овозможи ефикасен преглед на евалуацијата на понудите од аспект на објективност со што се создава ризик од дискриминација на економски оператори и намалување на конкуренцијата во постапката.

Исто така констатирано е дека ниту еден од учесниците во постапките доколку сметале дека биле несоодветно спроведени имале можност за доставување на жалба до ДКЖЈН, но дека во определениот законски период за поднесување на истите тоа не било сторено.

Врз основа на наведеното, ДКСК констатира дека нема основи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Изработил: Ф.О.
Одобрил: В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk